# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

30 Јануари 2019 година, Гевгелија    Број 1    Година XXXIX

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Гевгелија, Лазар Мешков, од листата на кандидати на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-209/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Гевгелија, Александра Караманова, од листата на кандидати на Социјал-демократскиот сојуз на Македонија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-210/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), на член 38 став (1) точка 30 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет на проект за Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на ул. "Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот "Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улицата "Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид"-Гевгелија".

**Член 2**

За приоритетен се утврдува проектот – Основен проект за изградба на улицата "Александар Бел".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-211/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), на член 38 став (1) точка 30 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
## за утврдување на приоритет на проект за Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и Павел Шатев" во станбена населба "Караорман"-Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба "Караорман"-Гевгелија

**Член 2**

За приоритетен се утврдува проектот – Основен проект за изградба на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба "Караорман"-Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-212/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), на член 38 став (1) точка 30 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проект за Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на краци од 1-8 во станбена населба "Касарна"-Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот Изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на Краци од 1-8, во станбена населба "Касарна"-Гевгелија

**Член 2**

За приоритетен се утврдува проектот – Основен проект за изградба на инфраструктура на улици (Краци од 1-8).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-213/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село, УП за подрачје вон населено место, локални урбанистички документации), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

- домување
- комерцијални и деловни објекти
- јавни институции
- производство, дистрибуција и сервиси
- зеленило и рекреација

- инфраструктура

Преку донесените урбанистички планови општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 4.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**1. Измена и дополнување за ГУП на град Гевгелија**

**2.Изработка на ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови и ревизија и изменена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица**

**2.1. Урбан блок 1**

- Поделен е на шест дела (1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Таља Бикова,Мирче Ацев, Новоплнирана 5, Петар Мусев

- Површина на опфат: 63ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, В јавни институции, В1 образование и наука, АБВ градски центар, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.2. Урбан блок 2**

- Поделен е на четири дела (2.1; 2.2; 2.3; 2.4)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Борис Кидрич, Новопланирана 2, Новопланирана 5, Мирче Ацев, Таља Бикова.

- Површина на опфат: 40,8 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи,А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, АБ комерцијална зона Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е2 комунална супраструктура-автобуска станица,Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.3. Урбан блок 3**

- Поделен е на три дела (3.1; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич, Слободан Митров Данко, 7-ми Ноември.

- Површина на опфат: 26,3ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, В2 здравство и социјална заштита, АБ ( Комерцијална зона ) Е2 комунална супраструктура - катна гаража, Е2 комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфрасруктура.

Забелешка : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.4. Урбан блок 4**

- Поделен е на пет дела (4.1; 4.2; 4.3; 4.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Булевар Гевгелија, 7-ми Ноември, Слободан Митров Данко, Новопланирана 11, Западна 1.

- Површина на опфат: 49,5ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, АБ (комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.5. Урбан блок 5**

- Поделен е на шест дела (5.1; 5.2; 5.3; 5.4; 5.5, 5.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопроектирана 11, Слободан Митров Данко, Петар Мусев, Новопланирана 5, Новопланирана 4, Маршал Тито, Западна 1.

- Површина на опфат: 50,1ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, АБ (комерцијална зона), Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.7. Урбан блок 7**

- Поделен е на пет дела (7.1;7.2; 7.3; 7.4; 7.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 3, 7-ми Ноември, Бул. Гевгелија, Западна 1.

- Површина на опфат: 61 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, В4 државни институции, АБВ (локален центар), АБ ( комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.8.Урбан блок 8**

-Поделен на четири дела (8.1, 8.2, 8.3, 8.4)

-Граница на плански опфат на блокот:
Осовина на ул.Новопланирана 5, Новопланирана 2, граница на ГУП, Ул. Новопланирана 4.
-Површина на плански опфат48,5ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Намена на просторот: А2 домување во стамбени згради, Б комеријални и деловни намени, В јавни институции, Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.9. Урбан блок 11**
- Поделен е на три дела (11.1; 11.2; 11.3)
- Граници на опфатот на блокот:
Граница на ГУП, клучка на А1- за Гевгелија, осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич.
- Површина на опфат: 45,2ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.10. Урбан блок 12**
- Поделен е на пет дела (12.1; 12.2; 12.3; 12.4; 12.5)
- Граници на опфатот на блокот:
Осовина на Бул. Гевгелија, клучка на А1 за Гевгелија, граница на ГУП, ул. Борис Кидрич.
- Површина на опфат: 115,9 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни простори, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е2 комунална супраструктура железничка станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.11 Урбан блок 13**
- Граници на опфатот на блокот:
Осовина на ул. Новопланирана 3, граница на ГУП
- Површина на опфат: 24,5 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
-Намена на просторот:Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е1 комунална инфраструктура.

**2.12. Урбан блок 14**
- Поделен е на пет дела ( 14.1, 14.2, 14.3, 14.4 и 14.5)
- Граници на опфатот на блокот:
Осовина на ул.Новопланирана 4, граница на ГУП, УЛ. Новопланирана 2, граница на ГУП.
- Површина на опфат: 45,2 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција И сервиси, Д2 заштитно зеленило, Д3 спорт и рекреација, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.13. Урбан блок 15**

- Поделен е на пет дела (15.1, 15.2, 15.3, 15.4 и 15.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопланирана 1, Западна 1, Новопланирана 1, граница на ГУП, ул. Новопланирана 10.

- Површина на опфат: 68,4 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, В5 верски институции, АВБ локален центар, АБ комерцијална зона, Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.14. Урбан блок 16**

-Поделен е на четири дела (16.1, 16.2, 16.3, 16.4)
-Граници на опфатот на блокот:
Осовина на ул. Западна 1, 7-ми Ноември, Новопланирана 3.
-Површина на опфат: 35,2 ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план
Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**2.15. Урбан блок 17**

-Поделен е на два дела (17.1, 17.2)
-Граници на опфатот на блокот:
Граница на ГУП, осовина на ул. Западна 1, Новопланирана 10.
-Површина на опфат 41,8 ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Намена на просторот:А1 домување во индивидуални стамбени куќи, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

## 3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

3.1. Урбанистички план за село Моин
3.2. Урбанистички план за село Давидово
3.3. Урбанистички план за село Милетково
3.4. Урбанистички план за село Мрзенци
3.5. Урбанистички план за село Негорци
3.6. Урбанистички план за село Миравци

## 4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

4.1. Измена и дополнување на блок 4, 5 и дел од блок 6, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица општина Гевгелија.

4.2. Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи, КО Негорци, општина Гевгелија
4.3.Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија.
4.4. Урбанистички план вон населено место за туристички локалитет Конска брана, општина Гевгелија.
4.5.Урбанистички план вон населено место за туристички локалитет Смрдлива Вода, општина Гевгелија.
4.6. Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. IДолна Коријав општина Гевгелија

**5.ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**

5.1.Општи акт за село Ново Конско
5.2.Општи акт за село Серменин
5.3.Општи акт за село Кованци
5.4.Општи акт за село Хума
5.5.Општи акт за село Конско
5.6.Општи акт за село Смоквица
5.7.Општи акт за село Петрово
5.8.Општи акт за село Габрово

**6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Локална урбанистичка планска документација за потрбите на општина Гевгелија** и **Локална урбанистичка планска документација за потрбите на граѓаните и правните лица** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, согласно член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

6.1.ЛУПД за изградба на стопански комплекс со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.628 и делови од КП бр.629, КП бр.638 и КП бр. 763/1 во КО Ново Конско Ђ општина Гевгелија.
6.2. ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија Андонов Рид на дел од КП 2/2 КО Миравци вон град м.в. Варница, општина Гевгелија, со намена Е1.

**7. УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Изработка и донесување на Урбанистичко проектна документација за потребите на општина Гевгелија, како и за потребите на граѓаните и правните лица на територијата на општина Гевгелија, согласно член 20, член 51 и член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-214/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со членовите 38 и 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија.

**Член 2**

Основ за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија претставува планскиот период за важност на детален урбанистички план, како и добиеното известување од Агенција за катастар на недвижности дека е потребно усогласеност на урбанистичкиот план со податоците од катастарските подлоги

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-215/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со членовите 38 и 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија

**Член 2**

Основ за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.1 и 2.2), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија претставува планскиот период за важност на детален урбанистички план за кој не е добиена согласност од надлежната државна исституција.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-216/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со членовите 38 и 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, блок 14.5, блок 15.1 и блок 15.2, плански период 2012-2017 година, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, блок 14.5, блок 15.1 и блок 15.2, плански период 2012-2017 година, општина Гевгелија

**Член 2**

Основ за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 14.4, блок 14.5, блок 15.1 и блок 15.2, плански период 2012-2017 година, општина Гевгелија представува планскиот период за важност на детален урбанистички план за кој не е добиена согласност од надлежната државна исституција.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-217/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со členовите 38 и 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија

**Член 2**

Основ за запирање на постапката за донесување на Детален урбанистички план за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5) плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија претставува планскиот период за важност на детален урбанистички план, како и добиеното известување од Агенција за катастар на недвижности дека е потребно усогласеност на урбанистичкиот план со податоците од катастарските подлоги.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-218/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на членовите 89 и 123 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2018 година.

2. Се задолжуваат надлежните служби од општина Гевгелија еден примерок од Годишниот извештај, по усвојувањето, да достават до Државната комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-219/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 89 став (1) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, расправајќи по Предлог-Информацијата за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија и за начинот на третирање на отпадот, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Предлог-Информацијата за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија и за начинот на третирање на отпадот, изготвена од Одделението за инспекциски надзор во општина Гевгелија.

2. Се задолжува Одделението за комунални работи и локални патишта во општина Гевгелија, во соработка со ЈПКД Комуналец-Гевгелија, да изработи Предлог- Програма или предлог-мерки за надминување на напоменатите состојби и да ги достави до Советот на општина Гевгелија на усвојување.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-251/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год. ), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, расправајќи по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-220/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 89, а во врска со член 14 став (1) точка 9 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), членот 139 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07 и 13/07 год.) и членот 18 од Законот за јавно здравје ("Службен весник на РМ" бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се прифаќа иницијативата за формирање на Локален совет за јавно здравје.
2.Се задолжува општинската администрација – одделението за јавни дејности да отпочне постапка за формирање на Локален совет за јавно здравје и за следната седница на Советот му достави предлог Одлука за формирање на Локален совет за јавно здравје.
3.Заклучокот да се достави до надлежниот Центар за јавно здравје заради доставување предлог-член на Локалниот совет за јавно здравје.
4.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-221/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 89, а во врска со член 14 став (1) точка 9 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), членот 139 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07 и 13/07 год.) и членот 18 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се прифаќа иницијативата за донесување Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести.
2.Се задолжува општинската администрација – одделението за јавни дејности да отпочне постапка за изработка на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести и за следната седница на Советот да му достави Предлог-Програма.
3.Предлог-Програмата да се достави до надлежниот Центар за јавно здравје заради доставување мислење.
4.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-222/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 89, а во врска со член 14 став (1) точка 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), членот 139 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.05/07 и 13/07 год.) и членот 60 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10………99/18год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се прифаќа иницијативата за отпочнување постапка за изработка на локален акционен план за животна средина.
2.Се задолжува општинската администрација да отпочне постапка за изработка на акционен план за животна средина, како и да ја извести јавноста за сите предлози за изработување и донесување на Локалниот акционен план за животна средина, по пат на јавни известувања или на друг соодветен начин, како што се електронските и печатените медиуми, како и да и овозможи на јавноста пристап до информации за предлозите во постапката за изработка на Локалниот акционен план за животна средина.
3.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-223/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование (Основен текст на закон "Сл.весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.01.2019 година утврди:

**П Л А Н**
**за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2019/2020 год.**

Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2019/2020 година, во прва година се планира да се запишат вкупно 374 ученици; распоредени во 11 паралелки,

- во настава на македонски јазик вкупно 374 ученици распределени во 11, паралелки;
- во настава на албански јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на турски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

- во настава на српски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

1. **УЧИЛИШТЕ**

Име на училиштето Средно Општинско Училиште е "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

***Гимназиско образование***

Во прва година се планира да се запишат 170 ученици, во 5 паралелки.
- во настава на македонски јазик..................................170 ученици, во 5 паралелки;
- во настава на албански јазик........................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на турски јазик................................................ / ученици, во / паралелки;
- во настава на српски јазик................................................/ ученици, во / паралелки.

***Стручно образование***

Во прва година се планира да се запишат 204 ученици, во 6 паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно | Мак .јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно |
| угостителско - туристичка | хотелско-туристички техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | готвач III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | келнер III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| Економско правна и трговска | економски техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | Машински техничар за моторни возила IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | Автомеханичар/ бравар III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |

Бр.09-224/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишниот одбор**
**на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.Се разрешува:
-Борис Миленковски од Гевгелија, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, поради лични причини.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општинаГевгелија".

Бр.09-225/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување член на Училишниот одбор на**
**ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија**

1.Се именува:
**-Горан Николов од Гевгелија**, со завршено средно електро образование - јака струја, на функцијата член на училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.
2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваниот член и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-226/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишен одбор**
**на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.Се разрешува:
-Благоја Пакетов од Гевгелија, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, поради лични причини.

2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-227/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување член на Училишниот одбор на**
**ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија**

1.Се именува:
-**Силвана Несторова од Гевгелија**, по образование: виш рендген техничар, на функцијата член на училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.
2.Да се достави по еден примерок од ова Решение до именуваниот член и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-228/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 61/15, 39/16 и 64/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2019 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2019 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-2037/5 од 27.12.2018 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-229/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2018 година, под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година**

1.**Се дава согласност** на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпадни води на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година под бр.02-1073/5 од 16.07.2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-89/5 од 22.01.2019г.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-230/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 и член 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09 год.), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12 год.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/18 год.), во членот 10 став (1) алинеа 3 се менува и гласи:

"За вработените во територијалната противпожарна единица вредноста на бодот за пресметување на платите за периодот 01.01.2019 год. до 31.08.2019 год. изнесува 21,0192 ден., а за периодот од 01.09.2019 год. до 31.12.2019 год. изнесува 22,0697 ден.".

Исто така во членот 10 став (1) алинеа 4 се менува и гласи:

-За вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници, бруто платата се утврдува согласно Законот за работни односи со вредност од 17.469,00 денари за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година, и 18.342,00 ден. за период од 01.09.2019 год. до 31.12.2019 год.

**Член 2**

Во членот 15 од Одлуката се додава став (8) кој гласи: "Надоместокот на член на Советот на општина Гевгелија за присуство како сведок на венчанка изнесува 800 денари дневно".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01 јануари 2019 година.

Бр.09-231/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административните службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 год.) и член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Одлуката со број 09-1958/1 од 26.12.2018 година престанува да важи со донесувањето на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01 јануари 2019 година.

Бр.09-232/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 89, а во врска со член 14 став (1) точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, расправајќи по Обновата на иницијативата од Здружението на пензионерите на општина Гевгелија за определување на локација –маркица во урбанистичките планови за изградба на Дом за стари лица, донесе

## ЗАКЛУЧОК

1.Се прифаќа Иницијативата на Здружението на пензионерите од општина Гевгелија за определување на локација – маркица во урбанистичките планови во општина Гевгелија за изградба на Дом на стари лица.

2.Се задолжува општинската администрација во општина Гевгелија во иднина, при изработка на урбанистички планови, да определи локација – маркица за изградба на Дом за стари лица во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-233/1
29.01.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

## СОДРЖИНА

1.Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија Лазар Мешков ..... 1

2.Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Гевгелија Александра Караманова ..... 1

3.Одлука за утврдување на приоритт на проект за изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на ул."Александар Бел" во станбена населба "Мрзенски рид" ..... 1

4.Одлука за утврдување на приоритет на проект за изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на улиците "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во станбена населба "Караорман" ..... 2

5.Одлука за утврдување на приоритет на проект за изградба на фекална канализација, атмосферска канализација и водовод на краци од 1-8 во станбена населба "Касарна" ..... 3

6.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2019 година ..... 3

7.Одлука за запирање на постапката за донесување на ДУП за блок 7 (7.1, 7.2, 7.3, 7.4 и 7.5), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија ..... 9

8.Одлука за запирање на постапката за донесување на ДУП за дел од блок 1 (1.2) и дел од блок 2 (2.2), плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија ..... 9

9.Одлука за запирање на постапката за донесување на ДУП за блок 14.4, блок 14.5, блок 15, 1 и блок 15.2, плански приод 2012-2017 година, општина Гевгелија ..... 10

10.Одлука за запирање на постапката за донесување на ДУП за блок 12 (12.1, 12.2, 12.3, 12.4 и 12.5) плански период 2013-2018 година, општина Гевгелија ................. 11
11.Заклучок по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен каракртр во општина Гевгелија з 2018 година ........................................................................................................................ 11
12.Заклучок по Предлог-Информацијата за дивите депонии на подрачјето на општина Гевгелија и за начинот на третирање на отпадот ............................................... 12
13.Заклучок по Педлог-Извештајот за реализација н Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2018 година ............................................................... 12
14.Заклучок по Иницијативата за формирање на Локален совет за јавно здравје ........................................................................................................................ 13
15.Заклучок по Иницијативата за донесување Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести ........................................ 13
16.Заклучок по Иницијативата за отпочнување постапка за изработка на локален акционен план за животна срдина ................................................................. 14
17.План за запишување на ученици во 1-ва година срдно образование во СОУ "Јосиф Јосифовски" во 2019/2020 година ................................................................. 14
18.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Крсте Мисирков" ................ 16
19.Решение за именување член на УО на ООУ "Крсте Мисирков" ..................... 16
20.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Крсте Мисирков" ................ 16
21.Решение за именување член на УО на ООУ "Крсте Мисирков" ..................... 17
22.Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2019 година ........................................................... 17
23.Решение за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цена за прочистување на отпани води на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2018 година ........................................................... 18
24.Одлуква за измена и дополнување на Одлукаа за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 год. ......................................................................... 18
25.Одлука за утврдување на врдноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2019 година .......................................... 19
26.Заклучок по Иницијативата на Здружението на пензионери од општина Гевгелија за определување на локација - маркица во урбанистичките планови во општина Гевгелија за изградба на Дом на стари лица ..................................................... 20

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**